ИЗО21

НОВА МАКЕДОНИЈА, 17824,



**МАКЕДОНСКАТА УМЕТНОСТ ВО СВЕТОТ**

# Шепот на мечтаењата на југот

НАТАША НИКЧЕВИЌ

Координатите кои на некој начин го назначуваат просторот за изградување на автономни ракописи на македонските современи уметници се критичкото проучување, одбирањето и користењето на искуствата на традицијата (не само ликовната, туку пред сè византиската и ориенталната уметност), но и наследството на постарата и поновата светска уметност, што го покажа изложбата „Аспекти на современата македонска уметност денес" отворена во Центарот за современа уметност на Црна Гора во Подгорица, во дворецот на Петровиќ.– Авторите на поставката, д-р Борис Петковски и Викторија Васева-Димеска, одбраа дела на дванаесет уметници од различни генерации и различни поетики со што е потцртан фактот дека една од битните детерминанти на рецентната македонска уметност е плурализмот на стиловите, на уметничките пракси кои не се „тиранија на слободата" (термин на Сузи Габлик).

**СИМБОЛ НА НЕМАТЕРИЈА**

Постарите македонски уметници го темелат својот сликарски ракопис во полето на различните експресионистички поетики. Некои автори чиишто дела ја чинат поставката на изложбата во Дворецот на Петровиќ, работеле и во осумдесеттите кога во рамките на светската уметност, после искуството на концептуалната уметност, „се случи" преобразбата кон сликата – претставата. Тоа се Симон Шемов, Јован Шумковски и Благоја Маневски. По низа акции и проекти во рамките на концептуалната уметност, **Симон Шемов** веќе во 1982 година почнува серија објекти-монтажи, од рачно изработена хартија. Материјалот што го користи за нив како и за поновите дела изложени во Дворецот на Крушевац е ист – делата од циклусот „Жена" од 1991/94, „Охридски ангел" од 1990 (рачно изработена хартија и комбинирана техника). Неконвенционално ги користи уметничките медиуми и материјали. (Тој дух на експеримент, испитување на различни материјали може да се лоцира во искуствата на уметничките концептуални проекти). Во неговата поетика се вградени и преточени во еден особен ракопис искуствата на детскиот цртеж, летризмот. Еден од темелните проблеми што го разрешува во новите дела е тактилноста. Овој материјал го избира поради специфичната структура и фактура на рачно изработената хартија. Посебно е успешен „Охридскиот ангел. Ангелите се симбол на нематерија шото, на илузијата. Тоа беше почетниот импулс на реинтерпретација на прочуениот охридски ангел. Со неоспорна имагинација вградени се објекти – монтажи кои во значенско симболичкиот контекст ја подвлекуваат нивната кревкост, нематеријалност и нивната трансцендетална суштина. Делата на Шемов ги карактеризира исклучителен рафинман.

**ИСКУСТВА**

**Јован Шумковски** е претставен со инсталација којашто ја сочинуваат седум, на прв поглед апстрактни слики-објекти, чие тело е изработено од полиестер, стакло, боени пигменти на песок. Нужно е да бидат осветлени за да се реализира проектираниот корпус на рефлексии на уметникот. Низата потсетува на еден вид иконостас и покрај спомнатата немиметичност на делото. Не треба да се заборави ни фактот дека овој „иконостас" е на подот, што упатува на тоа дека уметникот размислува за времето во кое што живее, во кое што е така евидентно рушењето, деструкцијата на се. Се забележува чувството на пиктуралност и сосема посебен модел на перцепција и работа изразен преку формалната редукција. **Благоја Маневски** е претставен со скулптурите „Ондан", „Аландан", „Чидат", работени во комбинирани материјали. Во „Аландан" користи бакарен лим, дрво, ПВЦ. Во делото се вградени некои искуства на опартот. На прв поглед изгледа како индустриски објект, меѓутоа, фините отстапувања го илустрираат особениот ракопис на уметникот и чувството за форма и светлотемните односи (бакарниот лим емитува светлина). Ова дело на најдобар начин ги чува материјализираните докази на осетливоста на уметникот, на неговото чувство за форма и обоеност. И во делата на некои млади автори кои ги користат актуелните искуства на светската уметност во начинот на пластичката егзекуција, може да се воочи извесен стремеж, кон спиритуалното, трансцедентното, што може да се лоцира во корпусот на македонската традиција. Такви се работите на **Славчо Соколовски,** особено неговото дело „Клинови". Уметникот користи триптихална организација на „сликата" во чие ткиво е забиен клинец. Гамата се движи во скалата на жолтеникавите тонови кои асоцираат на златната позадина на иконата. Уметникот ја варира и традиционалната форма на македонската софра која во суштина има кружна и полукружна форма. Делата кореспондираат како со искуствата на апстрактната уметничка пракса, но го чуваат и ехото на македонското етно битие. **Жанета Вангели** им припаѓа на уметниците кои се склони кон експерименти. Во градењето на сопствената поетика користи различни, па и нови медиуми, како на пример видео. Посебно се издвојува работата „Во чест на Андреј Рубљов". Тоа во суштина е штица со голем формат на којашто е транспониран познатиот детаљ на сликата на Рубљов „Христос спасител". Проблемите кои Вангели ги допира можат да се подведат под суштинското присуство на уметникот, неговата непосредна акција на слободната, празната површина. Платното станува апстрактно поле на линеарниот ритам на светло-темните односи и површини. Во суштина, во средиштето е форма којашто ги чува реминисценциите на антропоморфното. Таа е виталистичка како што и самиот живот е во менување, преобликување, трансмутација. **Кољо Мишев** е претставен со „Триптих" од 1994 година во кој се интерпретираат и се користат искуствата на сликарството на обоеното поле.

Како големиот уметник на Модерната Пол Гоген кој инспирацијата ја бараше на Тахити, што веројатно влијаеше и на промената на неговиот колорит, така и македонскиот уметник **Киро Урдин** престојува на Борнео. Тоа се подрачја каде митот, ритуалот се сè уште живи, пунктови каде границите меѓу сонот и јавето, свесното и подсвесното најчесто се бришат. Така настанала и серијата слики на Урдин како што се „Мојот пријател Флук", „Полноќно пристаниште" во чиј иконографски слој се согледуваат и маски. Неговиот ликовен ракопис се темели на искуствата на групата „Кобра". Платната на **Рубенс Корубин** ги чуваат наносите на барокното, надреалното, метафизичкото сликарство. Посебно се забележува неговото деликатно чувство за светлина која не е само ликовен

**Кон изложбата „Аспекти на современата македонска уметност денес", поставена во Центарот за современа уметност на Црна Гора, во Подгорица**

елемент „пар екселанс" туку и средство со кое ја остврува метафизичката димензија. Се издвојуваат и делата на **Родољуб Анастасов** од циклусот „Човек и простор", чии партии се сликани на начин на хиперреализмот (маркирање на просторот, на градбите), а луѓето се сведени на минијатурни неиздиференцирани сенки. Во опусот на овој автор светлината е еден од најбитните пластички елементи на сликата но и клучен пункт со кој се остварува значенскиот слој на делото. Тоа е супремеција на една изразито сликарска култура.

Авторите на изложбата „Аспекти на македонската современа уметност денес" успеаја со ваков избор на уметници, односно дела, да укажат дека македонската ликовна сцена е мошне витална, дека неа ја чинат уметници со различни поетики кои кореспондираат со светските, но и чие дејствување со квалитетот ги надминува рамките на македонската ликовна сцена.

Оваа изложба е организирана во рамките на меѓудржавната соработка на Македонија и Црна Гора. Организирана е од Македонската секција на AICA и Музејот на современата уметност, Скопје, а изложбата досега беше презентирана во Париз (1995) и во Рим (мај-јуни 1996). Изложбата во Подгорица беше отворена на 2 август и сè уште трае.

(пренесено од „Побједа" од 17 август 1996)



Јован Шумковски

**ДРАМА**

Покрај спомнатите уметници чии дела можат да се подведат под неконвенцијалните ликовни дискурси, на изложбата се застапени и автори за кои сликарството и истражувањата во него се во границите на традиционално сфатениот медиум. Еден од втемелувачите на македонската модерна уметност е **Петар Мазев.** Во ликовната онтологија на неговата слика вградени се шумови на разлчни експресионистички искуства, со акцент на она од групата „Кобра". Иконографскиот слој на неговите дела го чинат редуцираните фигури на границата на читливото. Неговиот потег е брз, драматичен, жесток. Судирите на бојата се експлозивни, а понекаде бојата е нанесена во дебели наноси. И во делото на нешто постариот уметник **Глигор Чемерски** живи се експресионистичките искуства. Тој го транспонира познатото „Оплакување на Христос" од Нерези. И во неговата слика е зачувана драмата на судирот на небеското и земското. За **Димитар Манев** сликата е дводимензионално поле на кое треба да се материјализираат детерминантите на физичтинските категории – исчезнување, поставување, уништување, митското, движењето на времето, преиспитувањето на историјата на уметноста. Особено се издвојуваат естетизираните, рафинираните варијанти на Христос спасителот.